Здружение на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани

С Т А Т У Т

Кривогаштани
24.02.2025 година

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РСМ" бр. 52 од 16.04.2010), („Службен весник на РСМ" бр. 24/2006) Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани, на својата седница одржана на ден 24.02.2025 година, донесе:

С Т А Т У Т
на
Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања.

Негови цели се унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на РСМакедонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

Член 2

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани дејствува на територијата на РСМакедонија, а се организира за подрачјето на Општина Кривогаштани. Здружението во својата активност може да се прошири на национално ниво и да соработува со организации, здруженија, фондации и институции од земјата и странство, согласно Уставот на РСМ, Законите на РСМ и од овој Статут.

Член 3

Здружението како Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут и Законите на Република Северна Македонија.

Член 4

Називот на здружението е:
Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани
Името на англиски јазик е :
Youth Association URBAN NEST Krivogashtani
Скратениот назив ќе биде: **УРБАНО ГНЕЗДО**

Член 5

Седиштето на Здружението на млади УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани е во **Кривогаштани на ул."Македонски Просветители" бр. 33,** а се организира и делува на подрачјето на Општина Кривогаштани, на територијата на РСМакедонија и останатите земји.

Член 6

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани има статус на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани го претставува и застапува Претседателот.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот на Здружението има тркалезна форма, а околу него е испишан текстот на здружението на кирилица .

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ УРБАНО ГНЕЗДО КРИВОГАШТАНИ, на македонски јазик со кирилично писмо, број, дата и место.

ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 7

Основни цели и задачи на УРБАНО ГНЕЗДО Кривогаштани се:

- Унапредување на демократските процеси на локално, национално и меѓународно ниво преку промоција на демократските принципи и вредности и принципите на Добро Владеење;
- Фацилитирање дијалог и развој на долгорочни партнерства и платформи во сферата на демократијата, граѓанското учество и младински активизам;
- Овозможување на механизми за граѓанско учество во креирањето на политиките на централно и локално ниво;
- Јакнење на интерните капацитети, унапредување на програмите и политиките на ЕЛС кои се насочени кон децентрализација, локален економски развој, регионален развој, промоција и развој на туризмот и прекуграничната соработка, заштита на животната средина, поддршка и развој на земјоделството, образованието, младите во заедницата како и развој и унапредување на културата;

- Градење на капацитети на општинската администрација и Советите на општините како и на органите на централната власт;
- Унапредување на капацитетите на граѓанските организации и неформалните групи за партиципативна демократија, активизам и вклучување;
- Развивање на капацитетите на локалните и регионалните медиуми за професионално и квалитетно информирање на јавноста;
- Овозможување на механизми за унапредување на транспарентноста и отчетноста на централната власт и на локалната самоуправа;
- Градење на меѓу општинска соработка и соработка помеѓу граѓанските организации од регионот за споделување на добри практики и размена на искуства;
- Градење одржливи партнерства со бизнис секторот засновани на иновации и реален импакт врз развојните процеси во општеството;
- Креирање и практицирање форми на неформално образование за надградба на знаењата и вештините на категориите граѓани со помалку можности, пред се младите;
- Промовирање на одржлив развој, заштита на биодиверзитет, унапредување и заштита на животна средина;
- Заштита и унапредување на човековите права и слободи, почитување и промоција на принципот на владеење на правото;
- Унапредување на младинските состојби, младинското вклучување и волонтерство;
- Градење и промовирање на политики насочени кон европеизација на македонското општество и членство на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- Придонес кон остварувањето на целите за одржлив развој, посебно во делот на намалување на сиромаштијата, нула глад, добро здравје и благосостојба, квалитетно образование, родова еднаквост, достоинствено вработување и економски раст, намалена нееднаквост, акции за справување со климатските промени и достапна и чиста енергија.

Член 8

Своите цели и задачи Здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- Организирање на конкретни програмски активности;
- Спроведување на заеднички проекти;
- Организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- Поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- Организирање на обуки и едукација за возрасни;
- Врши и други работи предвидени со овој Статут.

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Член на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија или странец , кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава. Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во Здружението со потпишана согласност на неговиот законски застапник , во согласност со Законот. Зачленувањето во Здружението се врши со потпишување на пристапница.

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани за своите членови води Регистар на членство, чии податоци се заштитени во согласност со прописите за заштита на лични податоци и класифицирани информации.

Член 10

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарност на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања. Правото за избор е ограничено за малолетните членови.

Член 11

Членовите на Здружението се должни:

- Да го почитуваат Статутот;
- Да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварување на неговите цели;
- Да земат активно учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението;
- Редовно да плаќаат членарина.

Член 12

Престанок на членството во здружението настанува во следните случаи:

- Доброволно;
- Ако членот дејствува против целите на Здружението;
- Со непочитување на одредбите од Статутот и другите акти на здружението;
- Ако не ја плаќа редовно членаринатa.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот Одбор.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 13

Работата наЗдружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите и пошироката јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на здружението за материјално-финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата и електронските медиуми.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

Здружението остварува средства од:

- Членарина;
- Донации, доброволни прилози;
- Буџет на РСМ и локалните самоуправи;
- Давање на услуги на други здруженија, организации и институции;
- Провизии од органи, организации;
- Од добивката од трговското друштво, во случај здружението да основа такво;
- Од други извори предвидени со Законот и Статутот.

Член 15

Користењето и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски прописи, кои ја регулираат таа материја.

Член 16

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 17

Висината на членаринатa се определува со посебна одлука на Извршниот Одбор.

Член 18

Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 14 и член 17 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата. Финансискиот план може во секое време да се измени.

ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 19

Органи на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен Одбор
4. Надзорен Одбор

Собрание и Претседател на Здружението

Член 20

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението.

Собранието избира Претседател со мандат од 4 години, со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението, а истиот е и претседател и на Извршниот Одбор.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Член 21

Седници на Собранието свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикуваат и по предлог на Извршниот Одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 30 дена од денот на даденият предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот Идбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот Одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието се определува со Деловникот за работа на Собранието.

Член 22

Собранието на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани од редовите на своите членови избира Извршен одбор кој е извршен орган на Собранието.

Член 23

Собранието полноправно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/5 од членовите или по предлог на Претседателот гласањето може да биде и тајно.

Член 24

Во надлежност на Собранието е следното:

- Го донесува Статутот на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа;
- Усвојува програмска ориентација за работа на здружението за период од 4 години, операционализирано во годишните програми;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на Здружението;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот Одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот Одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално-финансиската состојба на здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на дружението и дава насоки за натамошен развој на здружението;

- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Надзорниот Одбор;
- Разгледува и одлучува врз основа на наодите на Надзорниот Одбор;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

Извршен Одбор

Член 25

Извршниот Одбор на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението, во согласност со Статутот.

Член 26

Извршниот одбор на Здружението на млади **УРБАНО ГНЕЗДО** Кривогаштани брои 3 (три) члена.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 (четири) години.

Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и Претседател на здружението и претседател на Собранието и тој го претставува и застапува здружението.

Член 27

Претседателот на Извршниот Одбор ги свикува седниците на Извршниот Одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на претседателот, на седницата го заменува еден од членовите на Извршниот Одбор, по предлог на претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Извршен Одбор најмалку еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати по барање на 1/5 од членовите на Извршниот Одбор.

Член 28

Извршниот Одбор ги врши следните работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт Статутот, предлага измени и дополнување на Статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
-Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;

- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен Извршниот Одбор од страна на Собранието;
- Именува и разрешува секретар - Главен координатор на Здружението;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- Дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на стручната служба на здружението;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението:
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

Член 29

Извршниот Одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Извршниот Одбор ја свикува Претседателот на Извршниот Одбор.

Предлог за свикување на Извршниот Одбор може да поднесе една третина од Извршниот одбор, една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член од Извршниот Одбор кој ќе го назначи Претседателот .

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со Деловник за работа.

Член 30

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и одлуки на Собранието и Извршниот Одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

Надзорен Одбор

Член 31

Надзорниот Одбор на Здружението брои 3 членови, кои самостојно избираат Претседател на Надзорниот Одбор.

Членовите на Надзорниот Одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на Здружението.

Мандатот на членовите на Надзорниот Одбор трае 4 години.

Член 32

Надзорниот Одбор работи на седници.

Седниците ги свикува Претседателот и раководи со нивната работа.

Претседателот на Надзорниот Одбор свикува седници најмалку еднаш годишно и по потреба.

Член 33

Надзорниот Одбор ги врши следниве работи:

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите на Статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршување на одлуките на Собранието, Извршниот Одбор и на другите тела на Здружението;
- Врши надзор на наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно Законот и актите на Здружението.

Своите наоди и одлуки Надзорниот Одбор ги доставува до Собранието и Извршниот Одбор.

ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 34

Здружението ќе престане со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако настапат причини утврдени во член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Член 35

По престанок на работата на здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на Општината каде дејствува или на здружение со слична дејност, со одлука на Собранието.

Член 36

Доколку не може да се исполнат условите утврдени во Член 38, во случај на престанување на работата на Здружението, неговиот имот преминува во сопственост на РСМакедонија.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Толкување на одредбите на овој Статут врши Собранието, а помеѓу 2 Собранија, Извршниот Одбор на Здружението.

Член 38

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Член 39

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето 24.02.2025год.

Здружение на млади УРБАНО ГНЕЗДО Кичево

Претседател

Стеве Јанчески